**Основни податоци за општина Куманово**

Куманово се наоѓа на североисточниот, дел на Република Македонија на надморска височина од 340 метри распространето од двете страни на реките Липковка и Којнарка. Првите изворни податоци за населбата Куманово се споменуваат во 1519 год, од патеписните дефтери во архивот на Република Турција во Истанбул со 52 семејства и околу 300 жители.

Куманово со околината што гравитира кон него се наоѓа во северниот дел на Република Македонија. Оваа територија најсеверните делови ги има северно од Козјак, во атарот на с. М'гленце, во долината на Мала Река, а најјужната точка се наоѓа во атарот на с. Живење. Најзападната точка е во областа на Скопска Црна Гора, западно од Лукарско Маало во с. Гошинце, а крајните источни делови се наоѓаат кај с. Длабочица, одн. источно од него (кота 1126). Од северната до најјужната точка растојанието изнесува 43 км. воздушна линија, а во правец исток-запад растојанието е поголемо и изнесува 50,4 км.

Областа на Куманово од соседните области од западната и северната страна е одделена со делови на стари и грамадни планини. На запад се издигаат ограноците на Скопска Црна Гора, кои во овој крај се познати и како Карадаг. На север се наоѓаат падините на оголениот Руен, а падините на средновисокиот Козјак се спуштаат во Трговишката област. На исток е планината Герман и Славишката Котлина, додека од јужна и југоисточна страна со ритчести терени и Градишка Планина брановидното кумановско поле е одделено од Скопската Котлина и Овче Поле.

Во рамки на наведените граници областа на Куманово, главно, се поклопува со денешната територија на Општината Куманово, што зафаќа површина од 1 212 км2. и претставува 4,71% од територијата на Република Македонија.

**Демографија**

Структурата на населението во општината Куманово е доста хетерогена, како во самиот град, така и во поголемиот дела на селските населби живее население од повеќе националности и етнички групи, разновидна образовна, старосна и полова структура, со разни обичаи, вероисповед и навики, разновидни занимања и други карактеристики.

**Население по место на живеење**

Според пописот од 1991 година во општината Куманово живееле 135.482 лица, што претставува 6,66 % од вкупното население во Република Македонија, додека според пописот од 1994 година во општината Куманово живеат 126.543 лица или околу 6,55 % од вкупното население во Републиката, што во споредба со предходниот попис е намалено за 0,11 %.

Во општината Куманово дел од населението живее во градот како градско население и дел во селата како селско население. Во градот населението е вработено во општествениот (државен) сектор и индустријата, а во селата се занимава со земјоделство, сточарство и помал дел е во работен однос во општествениот сектор.

**Движење на населението во општината Куманово според местото на живеење од 1900-1994 година**

| Год. | Вкупно | % | Селско | % | Градско | % | Вк. | с. | гр. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1900 | 44.179 | 100 | 29.649 | 67,2 | 14.530 | 32,8 | 100 | 100 | 100 |
| 1921 | 56.655 | " | 40.535 | 71,2 | 16.120 | 28,8 | 128 | 137 | 111 |
| 1948 | 81.954 | " | 61.376 | 74,9 | 20.578 | 25,1 | 186 | 207 | 142 |
| 1953 | 89.977 | " | 66.192 | 73,6 | 23.785 | 26,4 | 204 | 223 | 164 |
| 1961 | 99.920 | " | 68.075 | 67,9 | 31.845 | 32,1 | 226 | 230 | 219 |
| 1971 | 113.431 | " | 65.622 | 57,9 | 47.809 | 42,1 | 257 | 221 | 329 |
| 1981 | 126.118 | " | 63.030 | 49,9 | 63.088 | 50,1 | 285 | 213 | 434 |
| 1991 | 135.529 | " | 66.278 | 48,9 | 69.251 | 51,1 | 307 | 224 | 434 |
| 1994 | 126.543 | " | 60.306 | 47,6 | 66.237 | 52,4 | 286 | 203 | 456 |
| 1991 | 2.033.964 | " | 825.070 | 41,9 | 1.181.894 | 58,1 | 100 | 100 | 100 |
| 1994 | 1.936.877 | " | 799.754 | 41,4 | 1.137.121 | 58,6 | 95 | 97 | 96 |

Вкупниот број на жители во градот во текот на овој век е зголемен за 4,5 пати, додека бројот на жителите во селата е зголемен за 2 пати. Само во периодот по Втората Светска Војна бројот на жителите во градот е зголемен за 3,5 пати, а во селата нема никакво зголемување по војната.

Во општината Куманово живеат 112 жители на 1 километар квадратен, додека во Р. Македонија на 1 километар квадратен живеат 79,1 жител, што покажува дека општината по густина на населеност е над просекот во Републиката.

**Образование**

| Структура на население спрема школската подготовка во општината Куманово | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Степен на образование** | **1971** | **%** | **1981** | **%** |
| Без школска подготовка | 26.236 | 30 | 16.871 | 17,4 |
| Непотполно основно образование | 39.611 | 45,3 | 38.925 | 40,2 |
| Основно образование | 13.445 | 15,4 | 23.564 | 24,3 |
| КВ и ВКВ работници | 3.106 | 3,5 | 6.539 | 6,8 |
| Средно образование | 3.994 | 4,6 | 8.652 | 8,9 |
| Вишо образование | 770 | 0,9 | 1.512 | 1,6 |
| Високо образование | 298 | 0,3 | 761 | 0,8 |

**Вработеност**

Под поимот "вработеност" се подразбира оној дел од работната сила кој активно учествува во произведување на материјални добра и услуги и за тоа зема надокнада во вид на дневница или плата, која е извор за издржување на себе и своето семејство - според академик Милош Мацура.

| Движење на вкупното население, вработеноста и невработеноста во општината Куманово за период од 1971 до 1994 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупно нас.** | **%** | **Индекс** | **Вработени** | **%** | **Индекси** | **Невработени** | **%** | **Индекси** |
| **1971** | 113.431 | 100 | 100 | 13.144 | 11,6 | 100 | 3.167 | 2,8 | 100 |
| **1981** | 126.118 | 100 | 111 | 20.111 | 15,9 | 153 | 10.856 | 8,6 | 342 |
| **1991** | 135.523 | 100 | 119 | 23.094 | 17 | 176 | 13.863 | 10,2 | 438 |
| **1992** | - | - | - | 22.251 | - | 169 | 14.440 | - | 493 |
| **1993** | - | - | - | 20.354 | - | 155 | 15.626 | - | 493 |
| **1992** | 126.543 | 100 | 111 | 19.716 | 15,6 | 150 | 18.102 | 14,3 | 572 |

**Клима**

Во Куманово се чувствуваат влијанија на топли и студени воздушни маси кои усло-вуваат во климатски поглед да се издвојат две годишни времиња и тоа: студена и влажна зима и топло и суво лето. Од преодните годишни времиња поизразена е есента, понекогаш долга и топла, што е одлика на умерено-континентална клима. На околните планини повеќе се изразени одликите на континенталната клима.

Температурата на воздухот е важен метеоролошки елемент. Според наведените фактори таа се одликува со континентални карактеристики и има различни дневни и месечни вредности. Нејзината средна годишна вредност изнесува 11,8°C (за Куманово), а на падините на околните планини е пониска, во зависност од надморската височина.

Врнежите, изразени преку разни видови и количини како и распоред во текот на годината, се значаен метеоролошки елемент и имаат голема важност за стопанската и друга активност на луѓето. Тие во Куманово имаат изменет медитерански плувиометриски режим, што за овој крај се одликува со зголемена количина на врнежите во пролетните месеци кога е и главниот максимум (мај), и со помала количина врнежи во ноември, како спореден максимум.

Просечна годишна количина на врнежи во Куманово во наведениот период изнесува 549,3 мм на квадратен метар и спаѓа во второ подрачје во Македонија според сушност. Во околниот ридест и планински терен просечните годишни количини на врнежи се повисоки, што може да се види од податоците на одделни мерни станици, каде што во наведениот период е мерена количина на вриежите. Во Драгоманце се измерени 573,6 мм, а во Бајловце 662,1 мм. Во Кумановско во наведениот период имало и сушни години кога вкупната количина на врнежи изнесувала околу

300 мм (1952 г.) Сушите, најчесто, се карактеристични за летните месеци, а може да продолжат и во есен. Тие обично се проследени со високи температури и нанесуваат големи штети на земјоделството и вкупната стопанска активност на луѓето. Во пролетни и летни месеци има појава на поројни дождови кои, понекогаш, се проследени со врнежи од град. Од овие дождови можни се поплави на делови од градот и земјоделските површини, при што има значителни материјални оштетувања. Куманово со околината спаѓа во области каде градобијноста е честа појава, со просечно 2-3 дена во годината во кои има појава на град кој им нанесува големи штети на земјделските култури (во делови од Општината зафатени со град). Денови со врнежи од град се јавуваат од април до август, со максимум во мај. Во зимскиот дел од годината дел од врнежите паѓаат во вид на снег, што различно се задржува.

Кумановскиот регион се одликува и со изразита ветровитост. Најчесто дува северниот и, помалку, северозападниот ветер. Северниот ветер дува преку цела година, но најчесто е во јуни, јули и јануари, а најредок во март и мај. Просечна честина на овој ветер изнесува 331%о. Средномесечната брзина е различна, а годишниот просек изнесува 3,2 м. во секунда. Овој ветер дува и со поголема брзина кога достигнува максимална брзина до 26,5 м. во секунда (околу 95 км. на час). Втор ветер по честина е северозападниот кој најчесто дува од мај до октомври, а во останатите месеци поретко се јавува. Неговата честина е помала и изнесува 105%о. И средногодишната брзина му е помала и изнесува 1,9 м. во секунда.

Осончувањето или должината на сончевиот сјај исто така е важен метеоролошки елемент што има големо влијание врз животот на луѓето и нивната стопанска дејност, особено земјоделската. Просечното годишно осончување изнесува околу 2200 часови, а во околниот планински терен таа бројка е поголема. Осончувањето е најголемо во јуни, а најмало во декември и јануари. Осончувањето зависи од неколку фактори од кои позначаен е бројот на ведрите или облачните денови. Годишно во Куманово просечниот број на ведри денови изнесува 84 со максимум во август (просечно 16 ведри денови), додека годишно има просечно 97 облачни денови, со максимален број на облачни денови во јануари (16 дена).

**Култура**

Во Куманово постои голем број професионални културни институции : Библиотеки, Народен музеј , Народен театар и Центар за култура. Од културните манифестации ги издвојуваме : Ликовната колонија , Џез-фестивалот " Денови на комедијата ". На планот на соработката со Солун и другите балкански градови можно е :

1. соработка на стручни лица кустоси-куратори, историчари на уметноста
2. размена на џез-групи (гостување и учество на фестивали)
3. театарска соработка со драмски претстави (трагедии,комедии, антички драми)

На полето на Спортот во Куманово делуваат многубројни :

- Четириесет Фудбалски клубови
- Кошаркарски клубови
- Ракометарски клубови
- Боксерски клубови
- Шахот во Куманово датира уште од 1930(женски и машки)
- Атлетика-зазема учество на сите натпревари во Републиката
- Велосипедски клубови
- Стрелаштво-клубови (пр: Клуб " Куманово" " основан 1961)
- Во градот Куманово постои голема активност во карате клубовите , аеро-клубовите, мал фудбал и други спортски активности.

Соработката на спортските клубови и спортистите од Куманово со другите градови пружа големи и разновидни можности.